**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 05.05.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 2376 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка наш арх. бр. 03-2322/1 од 02.05.2017 година

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 април 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 5 мај 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Вонредниот надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 април 2017 година, на државно ниво е реализиран врз основа на претставка наш арх. бр. 03-2322/1 од 02.05.2017 година. Претставката е за начинот на известување на ТВ НОВА за случувањата во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година. Во неа, подносителот на претставката посочува дека ТВ НОВА, во сите изданија на вестите од 27 април, шири невистини и дезинформации, со што нанесува „штета во општественото живеење“ и ги става во заблуда гледачите во врска со реалноста и бара Агенцијата да реагира со одземање на дозволата за работа на телевизијата.

Со надзорот е констатирано дека:

- Попладневната програма на ТВ НОВА од 27 април 2017 година, се емитува во живо, со репортерски јавувања и гости во студио, организирана во два информативни блока, првиот (Дневен бриф) со почеток од 18 часот и 17 минути со водителката Бојана Димитријевска, и вториот (ТВ Нова Вести) од 21 часот и 35 минути со водителката Билјана Василева Трендафилова;

- Во Дневен бриф, ТВ НОВА преку пренос во живо ги следи протестите на граѓанската иницијатива „За заедничка Македонија" пред Собранието на Република Македонија и повремено емитува инсерти од случувањата во Собранието. Непосредно пред влегувањето на демонстрантите во Собранието, во 18 часот и 40 минути, на водителката во студиото и се приклучува универзитетската професорка Иванка Додовска која ги коментира актуелните случувања. Додека трае интервјуто во студиото со гостинката, телевизијата напоредно со снимки ги следи настаните и пред и во Собранието. Од 18 часот и 21 минута програмата е придружена со телоп: „Обид за државен удар во Собрание", кој во 19 часот и 10 минути е заменет со телопот: „Народот си го врати Собранието". Овој блок завршува во 21 часот и 28 минути со одјавна шпица;
- Програмата продолжува со ТВ Нова Вести, во 21 часот и 35 минути, со истиот формат и со универзитетските професори Александар Климовски и Татјана Каракамишева, како гости во студиото. Овој блок е придружен со телопот: „Народот си го врати Собранието", а во негови рамки во живо се емитува и обраќањето на претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов во 22 часот и 20 минути. Блокот завршува на полноќ, со друго издание на вести;
- Телевизијата и покрај вложените напори (кадровски и технички) за информирање за случувањата, не обезбедува „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања" (член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Настаните ги прикажува доминантно низ призмата на едно гледиште („Обид за државен удар во Собрание" и „Народот си го врати Собранието") кое им се сугерира на гледачите преку зборовите на водителките, ставовите на гостите и со телопите. Дополнително водителките воопшто не реагираат на коментарите од гостите со навредлива содржина и со елементи на дискриминација и стереотипизација.

За илустрација, во првиот дел од програмата (Дневен бриф) гостинката Иванка Додовска изнесува став дека ситуацијата во Република Македонија е геостратешки планирана, за отворање коридор за пренесување на „*еболата и сидата, која што ни доаѓа со мигрантите од Африка*". Понатаму вели „*Доколку влезе оваа толпа народ, СДСМ нека му ја мислат. Јас не би сакала да сум внатре и да сум СДСМ. А и било што да направат, во било која смисла, било што да направат СДСМ ќе биде против уставно и против законски. Доколку дојде до жртви и не дај боже до немили судири, одговорноста повторно ќе ја имаат социјал-демократите. Значи јас се чудам... Не се чудам на раководството бидејќи, знаете како, Заев, Шекеринска се луѓе со изгубен идентитет. Луѓе без никаква вредност, без разлика кој како изгледа, кој колку стекнал итн. Она што го носите во себеси, она што го оставате зад себеси, тоа е она што се чита. Тоа се луѓе полни со гнев, со омраза, со фрустрации... Значи тоа не ме чуди. Но ме чудат поддржувачите на СДС*".

При влегувањето на демонстрантите во Собранието, водителката Димитријевска се обраќа на гостинката со зборовите: „*Професорке, народот е внатре во Собранието, во собраниската сала. Си го врати, се чини Собранието, со оглед на тоа што народот е тој кој им го дава мандатот на народните избраници, а народните избраници пак гласаат, но и носат закони во интерес на граѓаните. Според многумина неочекувано, но за дел од македонската и експертската јавност ова беше очекувано*". Понатаму водителката продолжува: „*Народот го враќа Собранието во свои раце. Граѓаните се веќе внатре во салата за пленарни, каде што се одржуваат пленарките, пленарните седници*".

Потаму во овој блок Додовска вели: *„60-ти ден од почетокот на мирните маршеви, немаше друг начин како да им се покаже на СДС и на вештачката коалиција од помалите албански партии дека не може на насилен начин, не може на непринципиелен начин да се кршат правилата на игра. Толку е едноставно. Ако сакаме да ги земеме работите и од една поширока перспектива, да ги анализираме, можеме да забележиме дека во суштина, ова е најмиролјубивиот насилен влез во Собранието од страна на граѓани во историјата. Мене ми е многу жал за сите оние кои што беа повредени од страна на опозицијата, но знаете, со толпа не се игра. Со граѓани не се игра. Како мислат дека тие ќе дојдат во Влада на начин на кој што тие замислиле? Како мислат дека ќе излезат помеѓу граѓаните? Ќе се обезбедуваат со полиција? Ќе има кордони полиција? На таа извршна власт или на тој парламент доколку решат било што да направат?“*

Блокот во 21 часот и 35 минути уредничката Билјана Василева Трендафилова го започнува на следниот начин: *„Македонскиот народ го врати Собранието во свои раце и влезе во Парламентот. Народот порача дека нема да дозволи државен удар и спроведување на тиранската платформа. Девет граѓани се повредени. Гневот на народот беше предизвикан откако СДСМ и албанските партии направија државен удар поставувајќи измислен Претседател на Собранието- пратеникот на ДУИ, Талат Џафери што е целосно спротивно на деловникот и собраниските процедури без точката да биде ставена на гласање. На вакво сценарио, целиот ден предупредуваа пратеници од ВМРО ДПМНЕ. Тие ги молеа пратениците од СДСМ да не дојде до ова, бидејќи повикот за нелегален избор на Претседател е повик за конфликт со далекусежни последници“* и продолжува *„Веќе рековме дека повикот за нелегален избор за Претседател, според пратениците на ВМРО ДПМНЕ е повик за конфликт. Се случија тензии попладнево, тензии за обид да се направи државен удар“*, а вели и *„Попладнето македонскиот народ влезе во Собранието за да стави крај и да го спречи усвојувањето на тиранската платформа.“*

Гостите во студиото, универзитетските професори Александар Климовски и Татјана Каракамишева ја продолжуваат тезата изнесена во претходниот блок дека се работи за очекувани настани кои се иницирани од дејствијата на СДС(М). *„Значи тоа не се веќе политичари во РМ и на македонските граѓани, туку тоа се обични поданици, странски измеќари кои извршуваат наредби со џојстик и на копче... се сфати дека ова е крајното финале што треба да донесе пресврт, насилен пресврт на власта во РМ со цел да започне реализацијата на тиранската платформа по точките како што ни се наредени или дадени од Еди Рама, од Хашим Тачи и од горе“..... „Вие кога правите нелегално, криминогено дејствие, а се работи за дејствие кое што е државен удар, значи најтешкото кривично дело против државата, како може да очекувате дека граѓаните ќе ракоплескаат? Или ќе ви седат на страна и ќе си свиркаат? Не, граѓаните точно изреагираа на начин кој што е адекватен на нивната акција. Затоа што, кога вие се однесувате насилнички, каубојски, шверцерски, во системот, во институциите, ќе очекувате и соодветна реакција на граѓаните, така, бидејќи граѓаните имаат изразито веќе истанчен сенс за тоа што во РМ е промакедонски, а што во РМ, како политички партии, како политичко дејствување е против македонскиот идентитет, против македонскиот интегритет, против државата, државноста итн. Така што, вие не можете да го наречете македонскиот народ, како што слушаме од некои надворешни центри, дека ова било чин на насилство итн. Не, ова не е чин на насилство, затоа што тоа Собрание е македонско Собрание, таму во тоа Собрание треба да бидат претставени сите македонски и останати граѓани, кога мислам на македонски мислам на македонска нација каде што сите граѓани сме Македонци а дури потоа се Албанци итн.“* (Каракамишева). Професорот Александар Климовски истакнува: *„Да не бидете свесни дека ова ќе се случи, вие значи сте малоумен човек. И ова е малоумна реакција на една пратеничка група која што нема политички сенс. Најмалку државен сенс да вие истолерирате, да бидете поданици на една ситна врхушка, партиска во СДСМ, марионети, 40-тина марионети, во рацете на една криминална врхушка која што две и пол години ја толчи оваа*

*држава и се толерира и да мислите дека нема да биде експлозијата голема... Ова беше само една искра која што го разгоре огнот. И сега огнот е разгорен. Ова што се случи во Собранието, пратениците од СДСМ сами си се криви.“*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 61 став 1 алинеја 9 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, на 27 април 2017 година, при известувањето за случувањата во Собранието на Република Македонија, не ги почитуваше професионалните начела за вршење на дејноста, односно не обезбеди објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

**9. Предлог:**

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, дека со програмата емитувана на 27 април 2017 година, ги прекрши начелата за вршење на дејноста од член 61 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***